**Изложба- Уметноста како хармонија и единство на противречностите** Во Ликовната галерија отворена е изложбата "Уметноста како хармонија и единство на противречностите".(2.9 до 16.09.2022).

Куратор е Викторија Димеска, историчар на уметност.

Се претставуваат деветмина сликари -

Александар Џинго,

Атанас Атанасоски,

Бојана А.Трпческа,

Вано Кеков,

Верче Николоска,

Марија Светиева,

Марјан Стојаноски,

Филип Јовески и

Христина Мазнеска.

{AG}edinstvo2022{/AG}

Отворајќи ја изложбата, Викторија Димеска, историчар на уметност, рече дека преку ликовното творештво на уметниците, разновидниот начин на изразување и разните медиуми кои што ги користат, потсетуваат дека "убавината во ликовната уметност претставува хармонија и единство на контрастните елементи -линија, форма и боја.

Во творештвото на уметниците,според Димеска, присутна е"хармонијата по идеја, каде убавината се интерпретира преку поимите - умереност, добрина, несебичност, дарежливост, духовна моралност и еколошка етичност".